22476

Н. Македонија, 28. IX. 1975 г.

ИЗЛОЖБА

# НЕМИРНИОТ ДУХ НА КОНАКОВ

## — КОН САМОСТОЈНАТА ИЗЛОЖБА НА КЕРАМИКА ОД МИОДРАГ КОНАКОВ ВО ИЗЛОЖБЕНИОТ САЛОН ПРИ ЦЕНТАРОТ ЗА КУЛТУРА И ИНФОРМАЦИИ

**ФАКТОТ ШТО САМОСТОЈНИТЕ ИЗЛОЖБИ НА КЕРАМИКА ВО СКОПЈЕ** се навистина ретки, секоја изложба од оваа ликовна дисциплина го прави нашиот ликовен живот поразновиден и поинтересен. А кога се работи за Миодраг Конаков, нашиот интерес наоѓа право место и соодветно задоволување во неговата керамика која е мошне животна и разновидна. Немирниот дух на Конаков ѝ дава посебен печат на керамиката, наоѓајќи повеќе можности на материјално реализирање во доброто техничко искуство кое му овозможува постојано нови ликовни решенија. Тоа значително ја збогатува ликовно-естетската страна на неговата керамика, правејќи ја попривлечна.

Со изложените 30 дела Конаков ни се претставува како уметник кој негува комплексна керамика. И тоа со чувството за пластика, за боја и цртеж. Посебна одлика на оваа керамика е арабеската, „барокноста" на украсите, кои впечатливо ја одредуваат како немирна и емотивна. Тука е присутна, во постојано движење, една синтеза на сликарски и пластични квалитети и нивна комбинација. Присутна е утилитарната керамика, како и онаа со интимен карактер, потоа ангажирана керамика која недвосмислено ја изразува својата идејна цел, на места премногу експлицитно. Значи, во керамиката на Конаков покрај чисто пластичните инвенции забележлива е желбата за кажување, за „сиже" како уште еден аспект на овие творби што во себе содржат повеќе составни компоненти. Тоа се инаку дела со своевидна експресија и емотивност, во кои формата е условена од идејата, но подразбирајќи ја керамиката како медиум со одредени својства и граници. Конаков сигурно го поставува цртежот на женскиот портрет и контурата на главите, секогаш во различен колористички и композициски соодност, но слични по форма. Конаков е од оние уметници кои по својата природа не можат да се одредат за едно средство и начин на кажување. Тука постои некаква двојност која е постојано во подвижно единство, некаде наоѓајќи ја правата синтеза, а некаде оставајќи несигурен впечаток. Тој со подеднаква самоувереност го обликува појавното, апстрактното или некакви други свои истражувања, слободно комбинирајќи ги во симболични и слободни форми кои постојано се во метаморфза и движење.

Владимир **ВЕЛИЧКОВСКИ**